Јавно претпријатие за комунални дејности
„БРЕГАЛНИЦА" п.о.
Бр. 0102-681/
27-07-2015 год.
ДЕЛЧЕВО

# ИЗВЕШТАЈ
## За работата на ЈПКД"Брегалница"-Делчево за 2014 година

**-Основни податоци**

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Одлука бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година, донесена од Собрание на Општина Делчево.

Надлежниот суд во Штип на 29.01.2002 година донесе Решение бр.Птрег. 67/2 со кое врши запишување во трговскиот регистар под наслов ЈПКД"Брегалница"-Делчево.

Статутот на ЈПКД"Брегалница"-Делчево е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието а на седницата на Советот на Општина Делчево е дадена согласност на истиот со Одлука бр.07-1799 од 29.12.2005 година.

**-Дејност**

Јавното претпријатие "Брегалница" врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Основната дејност -претежната дејност на претпријатието е:

-Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

-Одведување на отпадни води(канализација);

-Одстранување на комунален и индустриски отпад;

-Одржување на јавна чистота;

-Уредување и одржување на паркови и зеленило;

-Управување со градски гробишsта;

-Одржување на градски пазар, под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија.

**-Организациона поставеност**

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

-Одделение за Општи, правни и финансиски работи;

-Група за Водовод, канализација, дистрибуција и одржување на водоводната и канализационата мрежа;

-Група за Комунална хигиена, одржување на Градска депонија и механизација;

-Група за Градежно-оперативни работи и управување со Градски православни гробишта;

-Група за Одржување и уредување на јавни и зелени површини и речни корита;

**-Органи на управување:**

Органи на управување во Јавното претпријатие се:

-Управен одбор;

-Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;

-Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈПКД"Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2014 година изнесува 86 вработени во редовен работен однос и 11 работници ангажирани преку Агенција за привремени вработувања а просечниот број на вработени во извештајниот период изнесува 75 лица во редовен работен однос и 21 лица ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

**-Реализирани активности по Работни единици во 2014 гогина**

## ВОДОВОД, КАНАЛИЗАЦИЈА, ДИСТРИБУЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНАТА И КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА

Во 2014 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 602.500 м3 вода, Главни носители на потрошувачката се домакинствата со 532.000 м3 или 88% а до правни лица дистрибуирани се 70.500 м3 или 12%.

Работната единица Водовод и канализација во извештајната 2014 година ги има извршено следните редовни - тековни работни активности:

- Отклонети се вкупно 35 дефекти на главни водоводни линии во градот Делчево и селските населби на следните профили: ф 400=1 ф200=1, ф100=12, ф80=14, ф63=7;
- Извршени се вкупно 80 интервенциии на поцинковани линии (мали дефекти на разводна мрежа)
- Одговорено е на повици од граѓани и отклонети се вкупно 150 дефекти на приватни приклучоци на вода (пред водомер и во водомерните шахти);
- Извршена е замена на неисправни водомери- 150 броја;
- Извршени се нови приклучувања на нови потрошувачи вкупно 130 приклучпоци

Покрај редовните и тековни активности во 2014 година се реализирани следниве позабележетилни активности:

Реконструкција на главна водоводна линија на улица М.М.Брицо и улица Ѓорче Петров ф 110 со вкупна должина од 936 метро со изградба на водомерни и приклучни шахти;

Изградба на нова водоводна линија на улица М.М.Брицо до населба Пролет ф 110 во должина од 136 метри.

Изработка на приклучна водоводна линија ф 63 за ОУ Ванчо Прке во должина од 76 метри.

Извршено е приклучување на фонтана на детско игралиште во Ново Делчево на ул. Кеј на Ослободување со поставување на линија ф 625 во должина од 60 метри и поставена е хидрантска линија ф 40 во должина од 75 метри.

Извршено е приклучување на Фонтана во нов градски парк во населба Ново Делчево.

-Канализација:

Извршено е продолжување на десен колектор со ПЕ коругирани цевки ф 1000 во должина од 150 метри.

Изградба на нова канализација во населба СРЦ ф 200 со сите придружни објекти во вкупна должина од 296 метри.

Во тековното работење санирани се 30 канализациони шахти.

Извршено се интервенции на запишени канализациии на главни лини вкупно 40 броја.

Одговорено е на повик од правни и физички лица за отпишување на приватни канализациони линии вкупно 25 бр.

## КОМУНАЛНА ХИГИЕНА,ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКА ДЕПОНИЈА И МЕХАНИЗАЦИЈА

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е Распоред за собирање и транспортирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево и селата Габрово, Звегор и Трaботивиште како и за училиштата во с.Стамер и с.Вирче.

Комуналниот отпад се собира со три специјални возила за собирање на отпад и еден трактор за местата и улиците во кои нема пристап за специјалните возила.

Посебно за одбележување во извештајната 2014 година е тоа што со учество во Форум на заедници со голема подршка на локалната самоуправа и Градоиначалникот на Општина Делчево успШеавме да издејствуваме набавка на сосема ново специјално возило за собирање на отпад со што мислиме дека ќе се подобри услугата на корисниците од градот Делчево.

Во извештајниот период (во 2014 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од домаќинствата во количина од 7.400 тони или 616 тони месечно;

Од правни лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад во извештајниот период од вкупно 240 тони или по 20 тони индустриски отпад месечно;

Покрај редовното собирање на отпад се врши и повремено-по повик собирање и депонирање и на отпадот од Баткова чешма, на планината Голак кај бината и на спортските терени а особено за време на Голачките Фолклорни средби;

Во есенските месеци Октомври и Ноември извршено е собирање на сезонски растителен отпад од дворните места во градот Делчево и населба Звегорска река и Басарица со три камиони и еден трактор;

Извршено е чистење и санирање на пет-шест мали диви депонии на разни локалитети во градот Делчево и приградските населби;

На неколку наврати е извршено е целосно чистење на градска депонија Острец со Булдожер ТГ-75 заради добивање на чиста површина за депонирање на нов отпад и извршено е опесочување на истата со околу 200м3 песок и шлунак;

Како на самата депонија исто така во неколку наврати е извршено саанирање на самиот пат Делчево-Острец кој е повеќепати оштетуван од поројните дождови од причини што не е асфалтиран и кој посебно ни прави проблем во зимските месеци.

Извршено е обновување на уништената ограда на депонијата и поставување на нова ограда од универзално плетиво во должина од 60м1.

Во 2014 година завршено е со изградба на зградата на депонијата која ќе послужи за чуварската служба и за гаража за булдожерот ТГ 75 со кој се чисти депонијата.

Посебно сакаме да спомененеме дека со нашата скромна механизација во текот на извештајната 2014 година се изврши голем број на поправки, санации и тампонирање со песок и шлунак на голем број селски патишта кои беа оштетени од поројни дождови и поплави.

На крај сакаме да спомененеме дека во 2014 склучивме договор со фирмата РИВИЕЛ-Скопје за собирање , транспортирање и депонирање на отпадот од граничен премин Делчево до градска депонија.

## ГРАДЕЖНО ОПЕРАТИВНИ РАБОТИ, ГРАДСКИ ГРОБИШТА

Групата ангажирана за градежно оперативни работи во текот на 2014 година ги има извршено следните работи:

Реновирање на филтер станица во с.Тработивиште.

Изградба на детско игралиште во населба Ново Делчево на ул Кеј на Ослободување.

Извршени земјени работи за изградба на ново тениско игралиште во дворот на ООУ "Ванчо Прке".

Сечење и отстранување на оштетен асфалт и припрема на ударни дупки за нивно крпење со бехатон плочки.

Довршена е чуварската куќичка на градска депонија со гаража.

Изградба на клозети на градски гробишта со поставување на канализацина линија за истите.

Поправка на оградата на новите градски гробишта, изработка на настрешница на средните грпбишта, како и нивно тековно одржување.

Изработка на 6 нови пазаришни тезги, приспособување на 20 стари тезги од ЈП Камена река од М.Каменица и поправка и одржување на постојните тезги.

Исто така оваа работна единица учествуваше во изведба на сите градежни работи околу изгрдаба и реконструкција на водоводните и канализационите линии, односно при изработка на шахти и при изведување на земјени работи.

## ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ, ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И РЕЧНИ КОРИТА

- Групата за одржување на јавни зелени површини во извештајниот период покрај секојдневните и тековни работни активности кои спаѓаат во делокругот на оваа работна единица и тоа: секојдневно метење на улиците и тротоарите по изготвен распоред по денови и секојдневно собирање на отпадоци и празнење на корпите за отпадоци поставени на јавни површини и миење на улиците со цистерна два пати во неделата во летниот период како и одржување на јавните зелени површини (паркови, кејови, жардинерии, скверови) ги има извршено следните позначајни активности:

-Чистење на речното корито на река Брегалница од нанесениот талог, растителен отпад и смет со цел спречување на излевање на водата од коритото при обилни врнежи.

-Кроење о одстранување на сувите гранки од липите на Бул.Македонија и од јаворите, јасените и жал;ните врби од левата и десната страна на кејот на река Брегалница.

-Кроење на трендафили, грмушки и зимзелени украсни дрвца на Бул.Македонија, ул. М.,М.Брицо и ул Маршал Тито.

-Окопување на жадинериите на Бул.Македонија, ул. М.,М.Брицо и ул Маршал Тито и на дрвца во градки парк АСНОМ и на кејот на река Брегалница.

-Одстранување на диво изникнатата трева покрај двете коловозни ленти и разделниот простор и на Бул.Македонија од бензинска пумпа до Шумско стопанство па се до с.Звегор.

-Засадување на дрвца после новата црква од левата страна на река Брегалница вкупно 15 броја (7 липи и 8 јасени) и од десната страна на река Брегалница вкупно 16 броја (8 липи и 8 јасени)

-Засадување со сопствен расад на трендафили на разделната лента на Бул.Македонија од семафори до Шумско стопанство.

Припрема на дупки и засадување на липи и јасени по кејот на река Брегалница во потег од пумпата во кај гумената брана до новата црква десно од реката 16 броја ( 8 липи и 8 јасени) и на потегот од Палма до стар Пазар од десната страна 9 броја (5 липи и 4 јасена)

-Во сопствен стакленик прозиведени се со претходно сеење ѓубрење и пикирање видови на цвеќе (violla trikolor-љубичици, tagetes sardela, ageratum , петунија, зевалица-antirrhinum majus и украсен кељ)

-Распоредување на земја од околу 25 м3 земја кај косината откај Палма накај гумената брана и обликување на истата косина;

-Странично одстранувањсе на гранки од врби и полегнати дрвца покрај патот на Булевар Македонија од бензинска станица до Шумско стопанство.
Чистење на ендеци во градот Делчево со кастрење на гранки и нивен утовар.

-Шишање на тревата и нејзино собирање во училишниот двцор во с.Тработивиште, во дворот на црквата во с.Разловци, кај црква во с.Селник, кај црква во с.Звегор, на планината Голак по повод Голачки фолклорни средби и на грдаски стадион во Делчево, дворот на гранична полиција и дворот на ЕВН кај трафостаницата.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈПКД БРЕГАЛНИЦА ДЕЛЧЕВО ЗА 2014 ГОД

### 1.ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА

Годишната сметка е подготвена во согласност со Мегународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на РМ бр.159/09,64/10, и 107/11 кои се применуваат во Р.Македонија согласно законот за трговските друштва(Службен весник на РМ бр.28/04,84/05,25/07,87/08,48/10,24/11).Годишната сметка е поединечна а валутата на презентација е македонски денар. Бројот на вработени во ентитетот заклучно со 31/12/2014 год изнесува 86.

### 2.ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Поважни користени сметководствени политики се следните

**1)Нематеријалните средства** евидентирани во годичната сметка се измерени според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какви загуби поради обезвреднување .Евидентирањето на амортизацијата на нематеријалните средства(книговодствен софтвер) е засновано на нивниот корисен век .Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век и се амортизирани по стапка од 20% на годишно ниво.

**2)Материјалните средства** (Недвижностите,постројките и опремата) се презентирани според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Акумулираната амортизацијата е пресметана со примена на пропорционалниот метод за периодите на корисен век на средствата со примена на следните стапки
А)Згради(високо ниска градба)..................2.5%
Б)Моторни возила....................................25%
В)Компјутери...........................................25%
Г)Мебел и опрема....................................10-25%

**3)Паричните средства и паричните еквиваленти** се состојат од готовински парични средства на банкарските сметки и денарската благајна.

**4)Побарувањата од купувачите** се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања
5)Приходите од продажба се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува Приходите се прикажани по фактурна вредност намалена за попусти и данокот на додадена вредност.

### ФИНАНСОВ РЕЗУЛТАТ

ЈПКД Брегалница во своето работење во 2014 година оствари негативен финансиски резултат во износ од **- 2.238.586 денари.**

**ПРИХОДИ**

Вкупно остварени приходи од работењето износуваат 34.351.167 денари

| Р. бр | Приходи | Износ |
|---|---|---|
| 1 | Приходи од вода за пиење –физички и правни лица | 14.898.260ден |
| 2 | Приходи од канализација-физички и правни лица | 4.212.057ден |
| 3 | Приходи од фактурирање на смет | 10.380.919ден |
| 4 | Приходи од погребални услуги | 297.368ден |
| 5 | Приходи од приклучок на водовод | 231.780ден |
| 6 | Приходи од магацин | 78.499ден |
| 7 | Приходи од резервации | 86.800ден |
| 8 | Приходи од ковчег со крст | 36.410ден |
| 9 | Приходи од канти за отпад | 32.121ден |
| 10 | Приходи од водомери | 77.673ден |
| 11 | Приходи од радиомодули | 1.856ден |
| 12 | Приходи од пристап за изградба на споменик | 118.500ден |
| 13 | Приходи од гробна такса | 637.560ден |
| 14 | Приходи од ново гробно место | 853.177ден |
| 15 | Приходи од машинско сечење на асфалт | 3.125ден |
| 16 | Приходи од такса од полигон за полагање | 42.865ден |
| 17 | Приходи од пазарна такса | 919.405ден |
| 18 | Приходи од дозвола за влез во градски гробишта | 190.500ден |
| 19 | Приходи од доплата за извршени погребални услуги | 27.522ден |
| 20 | Пиходи од доплата за резервирано гробно место | 236.124ден |
| 21 | Приходи од одржување на паркови И зеленило | 681.450ден |
| 22 | Приходи од рачен ископ | 1.700ден |
| 23 | Чистење на депонија од инертен отпад | 105.000ден |
| 19 | Приходи од закупнина | 61.200ден |
| 20 | Приходи од реклами,донации, спонзорства | 19.065ден |
| 21 | Приходи од наплатени судски трошоци | 10.017ден |
| 22 | Вонредни приходи | 40.514ден |
| 23 | Останати приходи од работењето | 7.034ден |
| 24 | Дополнителни приходи од минати години-градежни објекти | 40.675ден |
| 25 | Приходи по основ на камати по видување | 481ден |
| 26 | Останати приходи од работење □по спогодба | 15.000ден |
| 27 | Приходи од машинско сечење на асфалт | 1.500ден |
| 28 | Приходи од утовар И транспорт на земја | 1.500ден |
| 29 | Приходи од рачен ископ на земја | 3.510ден |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ** | **34.351.167ден** |

## ТРОШОЦИ

Вкупните трошоци од работењето изнесуваат 36.589.754денари

| Конто | Назив на контото | Износ |
|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали и суровини | 1.458.818ден |
| 401 | Трошоци за материјали | 153.551ден |
| 402 | Потрошена електрична енергија,мазива | 4.451.193ден |
| 404 | Потрошени резервни делови | 239.204 ден |
| 407 | Отпис на ситен инвентар-автогуми | 230.406ден |
| 410 | Транспортни услуги-превоз | 6.070ден |
| 411 | Поштенски телефонски услуги | 152.699 ден |
| 413 | Одржување на постојани средства | 886.713ден |
| 414 | Трошоци за закупнина за боца | 3.600ден |
| 415 | Трошоци за снабдување со вода | 1.442ден |
| 417 | Трошоци за реклама, пропаганда промоција | 14.324ден |
| 419 | Останати услуги | 4.058.466ден |
| 420 | Вкалкулирани бруто плати | 19.894.302ден |
| 422 | Надоместок за тех.вишок,останати трошоци | 403.646 ден |
| 430 | Трошоци за амортизација | 2.421.113ден |
| 440 | Дневници за службено патување во земјата | 58.488ден |
| 442 | Трошоци за управен и надзорен одбор | 43.330ден |
| 443 | Трошоци за спонзорство | 9667ден |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 186.775ден |
| 446 | Банкарски услуги | 126.154ден |
| 447 | Данок на имот,административни такси | 34.134ден |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 1.073.626ден |
| 451 | Вредносно усогласување на фин.вложувања | 43.158ден |
| 455 | Отпис на побарувања | 253.558ден |
| 460 | Загуби од неотпишана вредност на материјалните средства | 15.190ден |
| 469 | Останати расходи од работењето | 111.459ден |
| 470 | Расходи врз основа на камати од работење со неповрзани друштва | 45.644ден |
| 474 | Трошоци за камати по кредити од банки ,фин.лизинг | 105.022ден |
| 703 | Набавна вредност на продадени материјали | 108.001ден |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **36.589.753ден** |

***РЕЗИМЕ:***

***Финансискиот резултат загуба во работењето значи работење под точката на покритие(граница на рентабилност)кога приходите не ги покриваат трошоците направени во извештајниот период.***

***Трошоците се најприсутни елементи во сите анализи на успешноста на*** **претпријатието како показател на ликвидноста, задолженоста,** ***активноста и профитот. Колку трошоците подобро и внимателно се опфатени и контролирани толку истите се надзор и контрола на профитабилноста и профитот на претпријатието.Поголемата присутност и застапеност на трошоците во однос на приходите значи намалување на активата и средствата на ентитетот а паралелно на тоа зголемување на обврските на ентитетот.***

***Коефициентот на тековна ликвидност = тековни средства-залихи / Краткорочни обврски***

***Коефициент на тековна ликвидност=25.968.716-2.902.456 / 13.480.640***

***Коефициентот на тековна ликвидност изнесува 1.7 што значи ризик на ликвидност не постои ентитетот е способен да ги измирува своите доспеани обврски со рок на валута.***

***ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА***
***(заклучно со 31/12/2014)***

**Фактурирано/Наплатено**

| Корисници | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата |
|---|---|---|---|
| Правни лица | 7.091.368ден | 5.623.789ден | 79% |
| Физички лица | 26.921.231 | 21.339.906 | 79% |
| Градски пазар | 977.041ден | 885.416ден | 91% |

Дата

27/02/2015

Изготвил

Марија Сумрачка

Директор

Ванчо Цветковски

Јавно претпријатие за Комунални дејности „Брегалница“ со ц.о. Делчево